Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТОТ *РЕВИЗИЈА* И *ОСНОВИ НА СМЕТКОВОДСТВОТО* НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на објавениот конкурс во весникот "Утрински весник" од 25.03.2009 година за избор на наставник по предметите ревизија и основи на сметководството на Економскиот факултет на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Наставно научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 24.04.2009 година, со одлука бр.02-1221/1, не избра за членови на Рецензентска комисија.

На објавениот конкурс во весникот "Утрински весник" од 25.03.2009 година се пријави само еден кандидат – д-р Зорица Божиновска Лазаревска, вонреден професор на Економскиот факултет на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје.

По проучување на пријавата и на другите конкурсни материјали (научни и стручни трудови поднесени во прилог), Комисијата има особена чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

И З В Е Ш Т А Ј

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката д-р Зорица Божиновска Лазаревска, вонреден професор, е родена на 25.05.1963 година во Куманово. Основно образование и средно економско училиште завршила во родниот град со одличен успех. Во студиската 1981/82 година се запишала на Економскиот факултет во Скопје, на кој дипломира на планско - аналитичката насока на 31.03.1986 година.

Набргу по дипломирањето била ангажирана како демонстатор на предметот основи на сметководството а почнувајќи од 15.01.1987 год. е избрана за помлад асистент на група предмети од областа на сметководството. Стручното и научното усовршување го продолжила со запишувањето на постдипломскиот студиум од областа на Деловна економија - насока финансиско - сметководствена анализа, на Економскиот факултет во Белград. На споменатиот студиум кандидатката ги положила испитите со средна оценка 9,63 и на 12.10.1993 година магистрирала на тема: *Ревизија финансијских извештаја привредних предузеќа у домаћој и страној теорији и пракси.* Непосредно по магистрирањето е избрана во звањето асистент на група предмети од *областа на сметководството.*

Докторската теза на тема: *Концепти, средства и постапки за ревизија – можност за нивна примена во ревизорската пракса на Република*

Македонија ја одбранила на 21.05.1999 година на Економскиот факултет во Скопје. Во септември 1999 год. е избрана за наставник во звање доцент на предметот *ревизија* на Факултетот.

Во септември 2004 година е избрана во звањето вонреден професор по предметите *ревизија* и *основи на сметководството*. Покрај ангажманите на редовните студии проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска е ангажирана на последипломските студии по сметководство и ревизија и на последипломските студии по е-бизнис.

Од изборот во звањето вонреден професор со денес, кандидатката, покрај ангажманот на редовните студии на предметите на кои е избрана, била ангажирана и со успех ги извршувала задачите на неколку проекти, учествувала на повеќе семинари и меѓународни конференции и остварила повеќе студиски престои во странство. Меѓу поважните студиски престои во периодот од 2004 година до денес се вбројуваат следниве:

- од 30.05 до 8.06.2005 година престој на University of Iceland – Department of Economics and Business Administration, Рејкјавик, Исланд;
- од 19-23 мај 2008 година студиски престој на Hogeschool – West Vlaanderen, Бриж, Белгија;
- од 22-26 септември 2008 година престој во CEF, Министерство за финансии, Љубљана, Словенија;
- од 23-29 октомври 2008 година престој на IAE de Paris, Universite Paris 1 – Pantheon – Sorbonne, Париз, Франција.

Кандидатката проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска од 1994 година поседува лиценца за проценител со општо овластување. Од јуни 2001 година поседува сертификат за овластен ревизор а од мај 2006 година е член на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија.

Во изминатите пет години проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска била активно ангажирана во Комисија за полагање на испит за стекнување на звањето овластен ревизор формирана при Министерството за финансии. Во текот на 2005 година била ангажирана на стручно читање на книгата Financial Statement Analysis, во издание на Комисијата за хартии од вредност како и на Меѓународните стандарди за ревизија, објавени од Министерство за финансии во септември 2005 година. Во периодот 2005 – 2007 и март 2009 до денес е именувана за член на Управен комитет за реформи во сметководството и институционално зајакнување задолжен за изработка и имплементирање на Националната стратегија и акционениот план за реформи во сметководството и институционално зајакнување во Република Македонија.

Во периодот мај 2005 година до денес, во три континуирани мандати, кандидатката успешно и одговорно ја извршува функцијата претседател на Одбор за ревизија во Стопанска банка А.Д. Скопје. Од декември 2005 година до денес именувана е од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија за член на Советот за унапредување и надзор на ревизијата.

Во учебната 2005/2006 година е избрана за продекан за финансии на Економскиот факултет во Скопје. Оваа функција со успех и особена посветеност ја извршува и во време на изборот.

Кандидатката течно говори англиски а добро го владее и рускиот јазик.

НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

Од изборот за вонреден професор до денес кандидатката проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска изведува настава по предметите *ревизија, основи на сметководството* и *интерна ревизија* на редовните студии со примена на современи методи на континуирано оценување. Предметот *ревизија*, како нов предмет од тогашниот наставен план, кандидатката успешно го има развиено и во 2001 година го објави првиот учебник од областа на ревизија во Република Македонија. Во изведување на настава на вториот предмет *основи на сметководството* кандидатка е ангажирана како координатор на тимот од 2003 година. Во соработка со група професори од Катедрата по сметководство и ревизија кандидатката активно учествувала во осовременување на наставната програма на предметот *основи на сметководството* и пишување во коавторство на учебник *Воведо во сметководство* и на *Збирка задачи по основи на сметководството*. Поради честите промени во опкружувањето во кое се развива и регулативата која се применува во интерната ревизија, кандидатката има развиено програма која кореспондира со модерните поимања на интерната ревизија а во фаза на подготовка е и учебник по предметот интерна ревизија. Исто така, проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска е ангажирана во изведување на наставата и испитите по предметот *ревизија* на последипломскиот студиум по сметководство и ревизија а од учебната 2008/2009 година е ангажирана и на предметот *MEB-580 Accounting and finance tools for E-business decision making* на последипломските студии по е-бизнис менаџмент.

Долгогодишното наставно искуство и ангажман на проф. д-р Божиновска Лазаревска, како и нејзиниот особен истражувачки интерес за актуелните тенденции во сметководствената и ревизорската професија во Република Македонија, во земјите членки на ЕУ и на меѓународно ниво, придонеле за вградување на најсовремените знаења и информации од областа на сметководството и ревизијата во наставните дисциплини кои таа ги покрива на редовните и на последипломските студии. Во настојувањето да ги информира студентите за практичните аспекти од современите ревизорски ангажмани, проф. д-р Божиновска Лазаревска има покането повеќе реномирани домашни експерти како предавачи, меѓу кои овластени ревизори - директори на Големите четири во Република Македонија.

Таа била ангажирана како ментор на четири одбранети магистерски тези, а била ангажирана и како член на неколку комисии за одбрана на магистерски тези.

Покрај редовните наставни активности на Факултетот проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска во периодот 2002 – 2005 година била ангажирана и во спроведување на обука на кандидати за полагање на испит за стекнување на звање овластен ревизор. Во рамките на проектот SOFRECO – EU Project "Technical Assistance to the Ministry of Finance for Development of Internal Audit in the Former Yugoslav Republic of Macedonia", кандидатката во неколку циклуси спроведувала обука на интерни ревизори вработени во Владата на Република Македонија и единиците на локалната

самоуправа. Во организација на ТАЗ, Регионална огранизација за едукација, научна истраживања, унапреѓење рада правосудних, просветних и органа управе, од Белград кандидатката во 2007 и 2009 година одржала предавања на тема: "Ревизија на финансиски извештаи од аспект на домашната и меѓународната правна и економска регулатива и стандарди" наменети за домашните сметководители и ревизори.

Во рамките на специјалистичките студии по Корпоративно управување реализирани од Економскиот факултет во Скопје во соработка со International Finance Corporation – IFC, кандидатката во двата циклуси учествувала со свои предавања во модул 4: Надворешни институции на корпоративното управување – Ревизори и модул 5: Финансиски извештаи и објавување на податоците – Кои информации можат да бидат објавени?

Како член на тимот на CIPFA од Англија кандидатката е избрана за координатор на модулот *ревизија* во рамките на програмата за меѓународно сертифицирање на овластени сметководители во јавен сектор во Република Македонија.

Во текот на месец март и април 2009 година кандидатката била ангажирана во изведување на настава по предметот *ревизија* од програмата за обука на ревизори за полагање на професионален испит во рамките на проектот РЕПАРИС финансиран од Светска банка и Владата на Република Македонија.

Покрај претходно наведените ангажмани заслужува внимание и активното учество на кандидатката со свои излагања на работилниците организирани од страна на Советот за унапредување и надзор на ревизијата наменети за членовите на ревизорската професија во Република Македонија и корисниците на нивните услуги.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

Изминатиот петгодишен период е одбележан со богата научно-истражувачка дејност на кандидатката проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска. Таа е вклучена во изготвувањето научни проекти, во пишувањето книги, статии, а со свои реферати учествувала и на бројни домашни и меѓународни конференции, симпозиуми и советувања.

Досегашниот научен и стручен опус на кандидатката опфаќа околу 74 библиографски единици од кои пет книги. Со оглед на тоа што трудовите на проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска до изборот за вонреден професор се рецензирани во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 856 од 1 септември 2004 година, во овој рецензентски извештај ќе ги презентираме нејзините научни и стручни трудови во периодот од септември 2004 година до денес.

Објавени книги:

1. *Ревизорската професија во развиените економии, економиите во транзиција и Република Македонија – компаративен пристап,* Економски факултет, Скопје, 2004, автор.

2. *Основи на сметководството, збирка задачи,* Економски факултет, Скопје, 2005, коавтор.
3. *Основи на сметководството, збирка задачи,* второ издание, Економски факултет, Скопје, 2007, коавтор.

Објавени трудови:

1. "Третманот на измамите во ревизорската професија по случајот на ЕНРОН", *Годишник на Економскиот факултет,* Скопје, 2004.
2. "Новите стандарди за ревизија на IFAC – импулс во битката за заштита на довербата на јавноста во ревизорската професија", Државен завод за ревизија, Билтен бр. 1, Декември, 2005.
3. The Auditing Profession in Republic of Macedonia after 15 years of Transition vis-a-vis the EU Member Countries – A Comparative Approach, 3rd International Conference on Accounting & Finance in Transition European & Asian Experience and Public Policy Considerations, ICAFT 2005, The University of Greenwich, London, 13-16 july, 2005, pp. 149-174.
4. "The New Auditing Law in Republic of Macedonia – A step forward to the European Union", EAA – 29th Congress of the European Accounting Association, co-author, Dublin, Ireland, March 12-14.2006. p.268.
5. "Impact on the budget funds utilization – The case with Republic of Macedonia", Adding Value to the Financial World: A 2020 Perspective, International Conference, co-author, University of Johanesburg, South Africa, October 16-18, 2006.
6. "The Professional Education of the Auditors in the European Union Countries and Republic of Macedonia – A Comparative Approach", The 10th World Congress of Accounting Education & The 3rd Annual International Accounting Conference, WCAE, co-author, AICPA, Istanbul, Turkey, November 9-11, 2006. pp.34
7. "Harmonization of accounting education in function of greater competetiveness of companies", The Balkan Countries 1st International Conference on Accounting and Auditing, BCAA, co-author, Association of Accounting and Finance Academicians (AAFA), Edirne, Turkey, March 8-9, 2007, pp.1018-1026.
8. "The Auditing Profession in Republic of Macedonia in the spirit of integration towards the EU", co-author, International Scientific Conference – Challenges of Economic Science and Practice in the EU Integration Process, University of Nis, Faculty of Economics, Nis, October 18-19, 2007, pp.445-453.
9. "The audit culture in Republic of Macedonia observed through the prism of a six decade historic development", 12th World Congress of Accounting Historians, Istanbul, Turkey, 20-24 July 2008, pp.248.
10. "Development of Accounting Theory and Practice in the Republic of Macedonia – History and Prospective", 12th World Congress of Accounting Historians, Istanbul, Turkey, 20-24 July 2008, pp.79.
11. "The Auditing Profession in Republic of Macedonia on the Road Towards EU – Conditions and Perspectives", International Conference, Business Analysis, Accounting, Taxes and Auditing (IBAATA), Tallinn, Estonia, November 6-7, 2008 pp. 32-40.
12. "Council for Advancement and Oversight of the Audit – Control Mechanism for the Auditors – the Case with Republic of Macedonia", 9th Annual Asian Academic

Accounting Association, (AAAA), Dubai, United Arab Emirates, 29 November to 1 December 2008, pp. 32-40.

13. "The Role of the Institutions for Auditing in the Public Sector – the Case with Republic of Macedonia", Scientific Conference Accounting and Performance Management Perspectives in Business and Public Sector Organizations, University of Tartu, Estonia, May 8-9, 2009.
14. "Audit Market in the Republic of Macedonia Seen Through Transparency Reports", 2009 Costa Rica Global Conference on Business and Finance, The Institute for Business and Finance Research, San Hose, Costa Rica, May 27-30, 2009.

Учество со реферати на меѓународни и домашни конференции:

1. The Auditing Profession in Republic of Macedonia after 15 years of Transition vis-a-vis the EU Member Countries – A Comparative Approach, 3rd International Conference on Accounting & Finance in Transition European & Asian Experience and Public Policy Considerations, ICAFT 2005, The University of Greenwich, London, 13-16 july, 2005, pp. 149-174.
2. "The New Auditing Law in Republic of Macedonia – A step forward to the European Union", EAA – 29th Congress of the European Accounting Association, co-author, Dublin, Ireland, March 12-14.2006. p.268.
3. "Impact on the budget funds utilization – The case with Republic of Macedonia", Adding Value to the Financial World: A 2020 Perspective, International Conference, co-author, University of Johanesburg, South Africa, October 16-18, 2006.
4. "The Professional Education of the Auditors in the European Union Countries and Republic of Macedonia – A Comparative Approach", The 10th World Congress of Accounting Education & The 3rd Annual International Accounting Conference, WCAE, co-author, AICPA, Istanbul, Turkey, November 9-11, 2006. pp.34
5. "Harmonization of accounting education in function of greater competetiveness of companies", The Balkan Countries 1st International Conference on Accounting and Auditing, BCAA, co-author, Association of Accounting and Finance Academicians (AAFA), Edirne, Turkey, March 8-9, 2007, pp.1018-1026.
6. "The Auditing Profession in Republic of Macedonia in the spirit of integration towards the EU", co-author, International Scientific Conference – Challenges of Economic Science and Practice in the EU Integration Process, University of Nis, Faculty of Economics, Nis, October 18-19, 2007, pp.445-453.
7. "The audit culture in Republic of Macedonia observed through the prism of a six decade historic development", 12th World Congress of Accounting Historians, Istanbul, Turkey, 20-24 July 2008, pp.248.
8. "Development of Accounting Theory and Practice in the Republic of Macedonia – History and Prospective", 12th World Congress of Accounting Historians, Istanbul, Turkey, 20-24 July 2008, pp.79.
9. "The Auditing Profession in Republic of Macedonia on the Road Towards EU – Conditions and Perspectives", International Conference, Business Analysis, Accounting, Taxes and Auditing (IBAATA), Tallinn, Estonia, November 6-7, 2008 pp. 32-40.
10. "Council for Advancement and Oversight of the Audit – Control Mechanism for the Auditors – the Case with Republic of Macedonia", 9th Annual Asian Academic

Accounting Association, (AAAA), Dubai, United Arab Emirates, 29 November to 1 December 2008, pp. 32-40.

11. "The Role of the Institutions for Auditing in the Public Sector – the Case with Republic of Macedonia", Scientific Conference Accounting and Performance Management Perspectives in Business and Public Sector Organizations, University of Tartu, Estonia, May 8-9, 2009.
12. "Audit Market in the Republic of Macedonia Seen Through Transparency Reports", 2009 Costa Rica Global Conference on Business and Finance, The Institute for Business and Finance Research, San Hose, Costa Rica, May 27-30, 2009.

Учество на проекти, семинари и работилници:

1. Обука за ревизија на успешност - Performance Audit, Проект за развој на Државниот завод за ревизија финансиран од Светска банка, Државен завод за ревизија, Скопје, 14-18 февруари 2005 год.
2. Семинар за примена на методата на примерок во ревизијата, Проект за развој на Државниот завод за ревизија финансиран од Светска банка, Државен завод за ревизија, Скопје, 18-20 мај 2005 год.
3. Risk management of the firm in the turbulent world economy, University of Iceland – Continuing Education in cooperation with Department of Economics and Business Administration, 30 – 8 June, 2005, Iceland, Reykjavik.
4. SOFRECO – EU Project "Technical Assistance to the Ministry of Finance for Development of Internal Audit in the Former Yugoslav Republic of Macedonia", Training courses for employees in Government of Republic of Macedonia and Local Government focused on internal audit. Скопје, 23-30.05.2005, 21-25.11.2005 и 23-27.01.2006.
5. Ревизија на финансиски извештаи од аспект на домашната и меѓународната правна и економска регулатива и стандарди, Семинар во организација на ТАЗ, Регионална огранизација за едукација, научна истраживања, унапреѓење рада правосудних, просветних и органа управе, Скопје, 2 ноември 2007 год.
6. Учество на 28 видео конференции во рамките на REPARIS програмата (Road to Europe – Program of Accounting Reform and Institutional Strengthening), Светска банка, Скопје, 2005 – 2006 год.
7. Учество во реализирање на Модул 4: Надворешни институции на корпоративното управување – Ревизори и Модул 5: Финансиски извештаи и објавување на податоците – Кои информации можат да бидат објавени, од Специјалистичкиот курс "Корпоративно управување", International Finance Corporation – IFC и Економски факултет, Скопје, 23 март и 10 мај, 2008 год.
8. Учество на семинар Train the Trainers – IM4 Audit, за обука на координатори за модулот Ревизија во рамките на програмата за меѓународно сертифицирање на овластени сметководители во јавен сектор според програмата на CIPFA од Англија, Љубљана, Словенија, 22-26 септември, 2008 год.
9. Учество во реализирање на Темпус проектот за развој на последипломски студии по Е-бизнис менаџмент по пат на далечинско учење MEMFES – CD-JEP-40093-2005, преку изведување на настава во

сегментот на сметководство по предметот МЕВ-580 Accounting and finance tools for E-business decision making.

10. Ревизија на финансиски извештаи од аспект на домашната и меѓународната правна и економска регулатива и стандарди, Семинар во организација на ТАЗ, Регионална огранизација за едукација, научна истраживања, унапреѓење рада правосудних, просветних и органа управе, Скопје, 12 февруари 2009 год.
11. Учество во реализирање на Модул 4: Надворешни институции на корпоративното управување – Ревизори и Модул 5: Финансиски извештаи и објавување на податоците – Кои информации можат да бидат објавени, од Специјалистичкиот курс "Корпоративно управување", International Finance Corporation – IFC и Економски факултет, Скопје, 27 февруари и 20 март, 2009 год.
12. Изведување на настава во периодот 23.03 – 02.04.2009 година по предметот Ревизија од програмата за обука на ревизори за полагање на професионален испит во рамките на проектот РЕПАРИС.

<u>Учество на тркалезна маса и работилници:</u>

1. Учество на тркалезна маса во организација на Државен завод за ревизија и Холандскиот суд на ревизија на тема "Улогата и местото на Државниот завод за ревизија како Врховна ревизорска институција во Република Македонија, Скопје, 31 јануари 2007.
2. Учество на тркалезна маса во организација на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на тема: "Финансиско известување и ревизија – состојби и проблеми ", Стопанска комора, Скопје, 20 декември, 2007.
3. Работилница на одборите за ревизија на Националната банка на Грција и нејзините субсидиери, Вуламени, Атина, Грција, 29-30 ноември, 2007.
4. Учество на работилница во организација на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на тема: "Подобрување на регулативата и квалитетот на корпоративното финансиско известување, сметководството и ревизијата – правната рамка за сметководство и финансиско известување кај големите трговци", Стопанска комора, Скопје, 12 декември, 2008.
5. Работилница на одборите за ревизија на Националната банка на Грција и нејзините субсидиери, Атина, Грција, 03-05 декември, 2008.

Во продолжение ќе биде даден кус приказ на позначајните трудови на кандидатката проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска, презентирани со пријавата на конкурсот.

1. Книгата под наслов *Ревизорската професија во развиените економии, економиите во транзиција и Република Македонија – компаративен пристап,* е објавена во издание на Економскиот факултет во Скопје во 2004 година. Таа е резултат на компаративно истражување кое кандидатката, како раководител на проект под наслов: *Изградба на ревизорска професија во Република Македонија во контекст на нејзиното интегрирање во процесот на глобализација (компаративен пристап со развиените економии и економиите во транзиција),* финансиран од Министерството за

образование и наука, го има спроведено во период 2001 – 2003 година. Во книгата е даден приказ на состојбите во ревизорската професија во САД, Австралија, Нов Зеланд, тогашните земји членки на ЕУ, економиите во транзиција во периодот во кој е спроведено истражувањето и во Република Македонија преку анализирање на клучните аспекти од професијата како што се: законското и професионалното регулирање на ревизијата и професионално сертифицирање на овластените ревизори во конкретните национални економии. Кандидатката преку анализирање на податоците од добиените одговори на прашалниците јасно ја позиционира домашната ревизорска професија и сегментите во кои се доближува или одалечува од практиката на развиените економии.

2. Учебното помагало под наслов *Основи на сметководството, збирка задачи* е објавено во издание на Економски факултет во Скопје во 2005 а две години подоцна по исцрпување на оваа издание објавено е второ изменето и дополнето издание во коавторство со професорите од Катедрата по сметководство и ревизија. Збирката на задачи во која кандидатката е коавтор претставува успешен напор на авторите за комплетирање на материјалот по предметот *основи на сметководството*. Во неа даден е голем избор на алтернативни прашања, за дел од нив со сугерирани одговори, кои наполно одговараат на редоследот на презентирање на материјалот со учебникот *Вовед во сметководството*. Типот на прашањата, начинот на нивното одговарање е усогласен на потребите на континуираното оценување и овозможува полесно совладување на материјалот од страна на студентите.
3. Трудот под наслов *The Auditing Profession in Republic of Macedonia after 15 years of Transition vis-a-vis the EU Member Countries – A Comparative Approach,* ја анализира ревизорската професија во Република Македонија по изминатите 15 години транзиција, со презентирање на сознанијата од спроведеното компаративно истражување ограничено на земјите членки на ЕУ. Авторката во рамките на трудот ги анализира клучните аспекти на ревизорската професија во Република Македонија наспроти состојбите во земјите членки на ЕУ. Во рамките на трудот користејќи го говорот на аргументите авторката укажува на она што треба да се направи во домашната ревизорска професија за да домашните ревизори станат дел од европската професионална елита.
4. Трудот *The New Auditing Law in Republic of Macedonia – A step forward to the European Union*, го анализира новиот Закон за ревизија донесен во септември 2005 година од аспект на неговата усогласеност со, во тоа време, предложената ревидирана Осма директива на ЕУ. Авторката ги нагласува сегментите од законската регулатива кои се во духот на ревидираната директива и претставуваат квалитетен чекор напред во процесот на интегрирање на домашната ревизорска професија. Исто така, авторката укажува и на елементи во кои постои поле за понатамошно хармонизирање и подобрување на домашната законска регулатива во областа на ревизијата.
5. Во трудот под наслов *Impact on the budget funds utilization – The case with Republic of Macedonia,* кандидатката се фокусира на улогата на

Државниот завод за ревизија, како врховна ревизорска институција, во заштита на законско и наменско користење на средствата од буџетот во Република Македонија. Во таа насока кандидатката дава подетален приказ на етаблирањето и кадровското екипирање на Државниот завод за ревизија од основањето до 2006 година. Освен тоа, подетално ги анализирани ревизорските активности превземени во последниве неколку години од страна на Државниот завод за ревизија, наодите до кои има дојдено во текот на ревизијата како и предложените корективни мерки и реакциите на јавноста по презентираните извештаи. На крајот од трудот фокусот на внимание кандидатката го поместува кон перспективите во развојот на државната ревизија со презентирање на сетот од мерки кои согласно Акциониот план на земјата треба да бидат превземени со цел да се зголеми вредноста во користењето на средствата од буџетот на Република Македонија.

6. Трудот под наслов *The Professional Education of the Auditors in the European Union Countries and Republic of Macedonia – A Comparative Approach* повлекува паралела помеѓу професионалното сертифицирање на овластените ревизори во Република Македонија наспроти искуствата од земјите членки на ЕУ. Во трудот кандидатката ги компарира клучните аспекти од процесот на професионална обука и сертифицирање на овластените ревизори како што се: програмата за обука на потенцијалните ревизори, влезните критериуми кои треба да ги задоволат кандидатите, начинот на организирање и полагање на професионалниот испит, институциите кои го спроведуваат испитот, институциите кои ги издаваат сертификатите, континуираниот професионален развој и сл. Преку анализираните на податоците од истражувањето кандидатката јасно ја позиционира домашната ревизорска професија во однос на професијата во земјите членки на ЕУ кон кои со потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација сакаме да се интегрираме.
7. Во трудот *Harmonization of accounting education in function of greater competetiveness of companies* кандидатката укажува на потребата од хармонизирање на образованието во областа на сметководството во функција на поголема конкурентност на претпријатијата. Во таа насока кандидатката се повикува на образовните стандарди на IFAC според кои од исклучително значење е поседувањето на потребната целина на знаења од страна на професионалните сметководители. Освен тоа, во рамките на трудот даден е приказ на состојбите во поглед на сметководственото образование во Република Македонија.
8. Трудот *The audit culture in Republic of Macedonia observed through the prism of a six decade historic development* ги анализира состојбите во ревизорската професија во Република Македонија низ призма на шест деценски историски развој. Кандидатката развојот на професијата го анализира преку три фази. Првата фаза го опфаќа периодот од 1945 – 1991 година кога Република Македонија беше во составот на СФРЈ во кој тогашниот економски и политички систем влијаел на начинот на институционализирање и функционирање на ревизорската професија. Втората фаза го опфаќа периодот на приватизација во текот на кој ревизорската професија е ставена на

маргините. Третата и последната фаза го покрива периодот од носењето на првиот Закон за ревизија во декември 1998 до 2008 година во која се случени значајни промени во насока на креирање на потребниот амбиент за развој на модерна ревизорска професија.

9. Во трудот *Development of Accounting Theory and Practice in the Republic of Macedonia – History and Prospective* кандидатката се фокусира на историскиот развој на сметководствената теорија и практика во Република Македонија со посебен осврт на перспективите кои следат со имплементирање на Националната стратегија и акционениот план за реформи во сметководството и институционално зајакнување.
10. Во трудот *Council for Advancement and Oversight of the Audit – Control Mechanism for the Auditors – the Case with Republic of Macedonia* кандидатката дава приказ на улогата на Советот за унапредување и надзор на ревизијата (СУНР) како контролен механизам во професионалното делување на овластените ревизори и друштвата за ревизија во Република Македонија. Како одговор на професијата на актуелните корпоративни скандали, како што беа Енрон во САД и Пармалат во Европа, наметната е потребата од формирање на тела за надзор на професијата кои треба да бидат арбитри помеѓу државата како регулатор од една и овластените ревизори и друштвата за ревизија од друга страна. Од таа позиција, кандидатката ги анализира активностите превземени од страна на СУНР во периодот од негово основање декември 2005 година до јули 2008 година.

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на приложената документација за ангажираноста на кандидатката проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска во изминатиов период од последниот избор до сега, Комисијата недвојбено констатира исклучително богата активност во поглед на нејзиното лично и стручно усовршување и изградување во квалитетен и одговорен наставно-научен работник. Пред се треба да се истакне нејзината ангажираност во развојот на нови наставни дисциплини како што се *ревизија* и *интерна ревизија* и иновирање на наставната програма по предметот *основи на сметководството*. Следејќи ги актуелните промени кои се случуваат во сметководствената и ревизорската професија кандидатката перманентно ја ажурира материјата што ја предава и тоа го прави достапно до студентите: предметот *ревизија* е покриен со учебник од 2001 година а во подготовка е второ изменето и дополнето издание, предметот *основи на сметководство* е покриен со учебник и збирка работени во коавторство, а по предметот *интерна ревизија* материјалот од авторизираните предавања е во конечна фаза на обработка за печатење во учебник. Со пристапот што го користи во текот на наставата, подготовката на стручните трудови и презентации и изведувањето на испитите, кандидатката мошне успешно ги анимира студентите својата професионална иднина да ја побараат во сметководствената и ревизорската професија. Перманентната комуникација со професионалците од практиката кандидатката успешно ја става во функција на подетално запознавање на студентите со практичните аспекти од екстерната, интерната и државната ревизија преку канење на гости за

време на предавањата од реномирани ревизорски фирми, банки и Државен завод за ревизија.

Особено внимание заслужува и нејзината научна активност набљудувана преку учество на меѓународни конференции со објавени трудови од делокругот на нејзината стручна и научна преокупација, учество на семинари и работа на проекти. Преку учеството со трудови на меѓународни конференции организирани од професионални асоцијации и универзитети на повеќе континентни (Европа, Азија, Африка и САД) кандидатката ја афирмира не само сметководствената и ревизорската професија на Република Македонија на меѓународни ниво, туку и матичната институција.

Нејзиниот одговорен пристап кон исполнување на превземените задачи секако е главната причина за нејзино стручно ангажирање на одговорни поцизии во практиката. Тука би ги споменале: третиот мандат во Одборот за ревизија на една од најголемите банки во Република Македонија, членството во Советот за унапредување и надзор на ревизијата, ангажирањето во Комисија за спроведување на испит за овластени ревизори при Министерството за финансии, учеството во обука на потенцијалните кандидати за стекнување на звањето ревизор, менторството на модулот ревизија од програмата за сертифицирање на овластени сметководители во јавен сектор CIPFA, како и учеството во реализирање на бројни семинари, научни и апликативни меѓународни проекти.

Освен претходно споменатите активности, кандидатката одговорно и успешно одговара на сите задачи кои ги налага функцијата продекан за финансии на која е избрана во 2005 година. Со голема посветеност ги спроведува задачите кои ги добива од органите на Факултетот а се поврзани со актуелните состојби на интегрирање на факултетот и неговото успешно функционирање во услови на зголемена конкуренција и активна меѓународна афирмација.

ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесеното, а во согласност со Законот за високото образование, Комисијата има особена чест и задоволство на му предложи на Наставно–научниот совет на Економскиот факултет на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје да ја избере кандидатката **проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска за наставник по предметите ревизија и основи на сметководството во звањето редовен професор.**

Скопје, 12.05.2009

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

Проф. д-р Блажо Недев

Проф. д-р Лајош Жагер

Проф. д-р Бобек Шуклев

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-1697/1
30/X 2004 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 75, став 1, точка 6, а во врска со член 133 од Законот за високото образование и член 30 од Статутот на Економскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на својата седница одржана на **24.09.2004 година,** ја донесе следнава

О Д Л У К А

1. Кандидатот **д-р Зорица Божиновска-Лазаревска се избира** за наставник по предметите РЕВИЗИЈА И ОСНОВИ НА СМЕТКОВОДСТВОТОво звањето **вонреден професор.**

2. Именованата заснива работен однос за времето на кое е избрана односно до 24.09.2009 година.

3. Во стекнатото звање именованата се здобива од денот на донесувањето на оваа Одлука, а платата ќе се определи со посебно решение во согласност со Самоуправната спогодба за стекнување и распоредување на доходот и чистиот доход и распределба на средствата за лични доходи и средствата за заедничка потрошувачка на Економскиот факултет во Скопје.

О б р а з л о ж е н и е

На објавениот Конкурс за избор-реизбор на наставник по предметите РЕВИЗИЈА И ОСНОВИ НА СМЕТКОВОДСТВОТО, објавен во весникот "Утрински весник" од 16.04.2004 година, се пријави кандидатот **доц. д-р Зорица Божиновска-Лазаревска.**

Рецензијата за овој избор е објавена во Билтенот на Универзитетот бр. 856 од 01.09.2004 година.

Наставно-научниот совет на својата седница одржана на ден 24.09.2004 година по предлог на Рецензентската комисија во состав:

1. **Проф. д-р Станоил Станоевски**
2. **Проф. д-р Блажо Недев**
3. **Проф. д-р Трајко Русевски**

го избра кандидатот **доц. д-р Зорица Божиновска-Лазаревска** по предметите РЕВИЗИЈА И ОСНОВИ НА СМЕТКОВОДСТВОТО во звањето **вонреден професор.**

Согласно член 141 став 2 од законот за високото образование избраниот наставник заснова работен однос за времето на кое е избран.

Доставено до:
- именованата
-општа и персонална служба,
-архива и
-Ректоратот

Д Е К А Н
Проф.д-р Бобек ШУКЛЕВ

Бр. 02-505
6.7.2009 год.

Врз основа на чл. 52, ст. 1, ал. 16 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008 и бр. 103/2008), Универзитетскиот сенат, на 11. седница одржана на 6.7.2009 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
за избор на редовен професор

Член 1

Д-р Зорица Божиновска Лазаревска, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"–Економски факултет -Скопје, се избира во звањето редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје– Економски факултет, по предметите Ревизија и Основи на сметководството.

Член 2

Со денот на изборот во звањето редовен професор, д-р Зорица Божиновска Лазаревска заснова работен однос на неопределено време со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"–Економски факултет-Скопје и го задржува звањето редовен професор доживотно.

Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

Ректор

Проф. д-р Велимир Стојковски

ДН:
- Економски факултет -Скопје
- Д-р Зорица Божиновска Лазаревска

мм/ед